# Службен гласник
## на Општина Струмица

| Број 9 | Петок , 22 јули 2005 год. |
|---|---|


Содржина

**СОВЕТ НА ОПШТИНА СТРУМИЦА**

стр.

**Одлука** за утврдување на комуналните такси за користење на улиците со патнички, товарни моторни возила, автобуси, специјални возила и моторцикли на територијата на Општина Струмица …………………………………….. 176

**Програма** за уредување на градежното земиште на подрачјето на Општина Струмица за 2005 година………..……… 176

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА СТРУМИЦА**

стр.

**Решение** за утврдување висината на надоместокот за подигање на тендерска документација ……………. 182

**Решение** за формирање Комисија за преземање на архивата и документа--цијата од Министерството за транспорт и врски - Подрачна единица – Струмица во Општина Струмица ……………………………… 182

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл. весник на РМ" број 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица ("Сл. гласник на општина Струмица" број 4/03), Градоначалникот на општина Струмица донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА КОМУНАЛНИТЕ ТАКСИ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА УЛИЦИТЕ СО ПАТНИЧКИ, ТОВАРНИ МОТОРНИ ВОЗИЛА, АВТОБУСИ, СПЕЦИЈАЛНИ ВОЗИЛА И МОТОРЦИКЛИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА СТРУМИЦА

1. Се објавува Одлуката за утврдување на комуналните такси за користење на улиците со патнички, товарни моторни возила, атобуси, специјални возила и моторцикли на територијата на Општина Струмица, што Советот на општина Струмица ја донесе на седницата одржана на 21.07.2005 година.

Број 08-1774/2 | Градоначалник
21.07.2005 г. | на Општина Струмица
С т р у м и ц а | Зоран Заев с.р.

…………………

Врз основа на член 2 од Законот за комунални такси ("Сл. весник на РМ" број 61/04) и член 21 точка 5 од Статутот на општина Струмица ("Сл. гласник на

општина Струмица” број 4/03), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 21.07.2005 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА УТВРДУВАЊЕ НА КОМУНАЛНИТЕ ТАКСИ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА УЛИЦИТЕ СО ПАТНИЧКИ, ТОВАРНИ МОТОРНИ ВОЗИЛА, АВТОБУСИ, СПЕЦИЈАЛНИ ВОЗИЛА И МОТОРЦИКЛИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА СТРУМИЦА

Член 1

Се утврдува висината на комуналните такси за користење на улиците со патнички, товарни моторни возила, автобуси, специјални возила и моторцикли на територијата на општина Струмица и тоа:
-за патнички возила
до 1000 кубика ……………… ….70,00 ден.
-за патнички возила од 1000
до 1300 кубика …………………100,00 ден.
-за патнички возила од 1300
до 1500 кубика …………………130,00 ден.
-за патнички возила од
1500 до 1800 кубика……….. .. 300,00 ден
-за патнички возила над
1800 кубика ……………… …. 500,00 ден.
-за товарни возила по тон
носивост …………………… ..100,00 ден.
-за автобуси и други возила што
служат за превоз на патници .500,00 ден.
- за специјални возила ………. 50,00 ден.
-за сите видови моторцикли…. 50,00 ден.

Член 2

Наплатата на таксата ја врши органот надлежен за регистрација на возилата.

Уплатата на комуналната такса органот ја уплаќа на соодветната уплатна сметка во рамките на трезорската сметка на Општина Струмица.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Сл. гласник на општина Струмица”.

Бр.07-1774/1 Совет на општина Струмица
21.07.2005 год. Претседател,
Струмица Зоран Ристов с.р.

……………………

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Сл. весник на РМ” број 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица (“Сл. гласник на општина Струмица” број 4/03), Градоначалникот на општина Струмица донесе

РЕШЕНИЕ
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА НА ОПШТИНА СТРУМИЦА ЗА 2005 ГОДИНА

1. Се објавува Програмата за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општина Струмица за 2005 година, што Советот на општина Струмица ја донесе на седницата одржана на 21.07.2005 година.

Број 08-1772/2 Градоначалник
21.07.2005 г. на Општина Струмица
Струмица Зоран Заев с.р.

……………………..

Врз основа на член 43 став 5 и 6 од Законот за градежно земјиште (“Сл. весник на РМ” бр. 53/2001) и член 21 став 1 точка 8 од Статутот на општина Струмица (“Сл. гласник на општина Струмица” број 4/03), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 21.07. 2005 година, донесе

ПРОГРАМА
ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА СТРУМИЦА ЗА 2005 ГОДИНА

Програмата за уредување на градежното земјиште за 2005 година на општина Струмица опфаќа:

1. - Подрачје со поблиско определување на земјиштето кое ќе се уредува;

2. - Обем на уредување и степен на опремување на градежното земјиште со комунални објекти и инсталации;

3. - Одредби за плаќање на надоместокот за комунално уредување на градежното земјиште;

4. – Надоместок за експропријација на градежното земјиште

5. – Извори на средства-приходи

6. - Трошоци за уредување на градежното земјиште, односно намена на средствата по објекти и области.

1. ПОДРАЧЈА СО ПОБЛИСКО ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО КОЕ ЌЕ СЕ УРЕДУВА

Градежно земјиште е земјиштето кое се наоѓа во градежниот опфат на градот Струмица, предвиден за изградба на сите видови објекти одредени со Генералниот и Деталните урбанистички планови на градот и измените и

дополнувањата, како и населените места за кои има УДНМ или ГУП.

Уредување на градежно земјиште надвор од градежниот опфат на градот Струмица ќе се врши со донесување одлука на Советот на општината и согласност од надлежното Министерство, на основа на изработен урбанистички план вон населено место.

2. ОБЕМ НА УРЕДУВАЊЕ И СТЕПЕН НА ОПРЕМУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ СО КОМУНАЛНИ ОБЈЕКТИ И ИНСТАЛАЦИИ

Обемот на уредување на градежното земјиште опфаќа:

* Подготвителни работи:

-Прибавување изводи од урбанистички планови;

-Геодетско снимање и изработка геодетски подлоги;

-Изготвување елаборати за расчистување на имотно-правни односи

-Расчистување на имотно-правни односи;

-Изработка на урбанистички планови и на документација за градење на инфраструктурни објекти.

*Опремување на градежното земјиште со инфраструктурни објекти :

- Изградба на улици и тротоари;
- Изградба на улична водоводна мрежа;
-Изградба на улична фекална и атмосферска канализациона мрежа;
- Изработка на сообраќајна сигнализација (хоризонтална и вертикална )

* Озеленување на јавни површини

Уредувањето и опремувањето на градежното земјиште ќе се врши од средства кои се прибираат како надоместок за уредување на градежното земјиште со оваа Програма и преку Програмата за комунални дејности.

Со оваа Програма не се предвидува приклучување на електричната мрежа на објектите предвидени со урбанистичкиот план, како и приклучување со ПТТ мрежа, што значи дека финансирањето на тие објекти и инсталации, односно нивната изградба ќе ја извршуваат јавните претпријатија што управуваат со истите, а од средствата што ги собираат согласно Правилниците донесени од Телеком и Електростопанство на Македонија.

Со Програмата Општината ја реализира уличната мрежа и останатата инфраструктура.

3. ОДРЕДБИ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ

3. I. Во текот на 2005 година надоместок за уредување на градежното земјиште во град Струмица ќе се наплатува за следните видови објекти:

1. За индивидуални станбени згради 1700,оо ден/м$^2$ нова корисна површина што ќе се гради, која е збир на нето површините на подовите на сите простории во објектот, согласно заверена проектна документација, помножени со соодветните коефициенти утврдени со Правилникот за степенот на уреденост на градежното земјиште и начинот на пресметување на трошоците за уредување на градежното земјиште според степенот на уреденост.

1.а. За индивидуални станбени згради, во VIII станбена заедница, на просторот ограничен со улиците "Ката Поцкова", "Климент Охридски" и "Ѓорѓи Василев", 1.870,оо ден/м$^2$ нова корисна површина што ќе се гради, која е збир на нето површините на подовите на сите простории во објектот, согласно заверена проектна документација, помножени со соодветните коефициенти утврдени со Правилникот за степенот на уреденост на градежното земјиште и начинот на пресметување на трошоците за уредување на градежното земјиште според степенот на уреденост.

2. За колективни станбени згради надоместокот за уредување на градежното земјиште се наплаќа во зависност од зоните во кои се гради објектот, а кои се определени како зони на крајот од оваа Програма.

Надоместокот ќе се пресметува за нето површина на подовите во сите простории на објектот према намената на користење и истиот ќе изнесува:

- Во Прва зона…..18% од градежната цена
- Во Втора зона.…16% од градежната цена
- Во Трета зона.....14% од градежната цена

Висината на градежната цена ќе се утврдува договорно помеѓу инвеститорот и Општина Струмица, но не може да биде помала од 400 евра/м$^2$ нето развиена површина.

За деловни простории во колективни станбени згради, надоместокот ќе изнесува :

-Во Прва зона................ ..7.800 ден/м$^2$
-Во Втора зона........…........5.800 ден/м$^2$
-Во Трета зона...…..…….....3.800 ден/м$^2$

3. За јавните објекти како што се: училишта, здравствени објекти (болници, клиники, здравствени станици, амбуланти и друго), објекти од областа на културата, уметноста, објекти на општествено политички организации, објекти на правосудството, обвинителството, надоместокот за комунално уредување на градежното земјиште изнесува 1.900 ден/м$^2$ нова корисна површина што ќе се гради, која е збир на нето површините на подовите на сите простории во објектот, согласно заверена проектна документација, помножени со соодветните коефициенти утврдени со Правилникот за степенот на уреденост на градежното земјиште и начинот на пресметување на трошоците за уредување на градежното земјиште според степенот на уреденост.

4. За деловни и производни објекти, надоместокот за уредување на градежното земјиште изнесува 3.800 ден/м$^2$ нова корисна површина што ќе се гради, која е збир на нето површините на подовите на сите простории во објектот, согласно заверена проектна документација, помножени со соодветните коефициенти утврдени со Правилникот за степенот на уреденост на градежното земјиште и начинот на пресметување на трошоците за уредување на градежното земјиште според степенот на уреденост.

За пренамена на станбен простор во деловен простор, се наплаќа за 1 м$^2$ разликата до деловен простор, т.е. 2.100ден/м$^2$ нето развиена површина.

Во надоместокот за уредување на градежното земјиште не е земено како приход обезбедување на електрична енергија од дистрибутивната мрежа и трафостаница, изведба на ПТТ мрежа, како и приклучоци на целата инфраструктура (електро, ПТТ, водовод и канализација), што значи дека тие трошоци паѓаат на товар на инвеститорите кои ги градат инвестиционите објекти.

4. а. За деловни објекти , во VIII станбена заедница, на просторот ограничен со улиците "Ката Поцкова", "Климент Охридски" и "Ѓорѓи Василев", надоместокот изнесува 4.180,оо ден/м$^2$ нова корисна површина што ќе се гради, која е збир на нето површините на подовите на сите простории во објектот, согласно заверена проектна документација, помножени со соодветните коефициенти утврдени со Правилникот за степенот на уреденост на градежното земјиште и начинот на пресметување на трошоците за уредување на градежнот земјиште според степенот на уреденост.

5. За други објекти:
-катни гаражи …………..……... 760,оо ден/м$^2$
-спортски покриени објекти..1900,ооден/м$^2$
-отворени пазаришта
20% од површинат по ……… ..3800,оо ден.

5.а. За други објекти, во VIII станбена заедница, на просторот ограничен со улиците "Ката Поцкова", "Климент Охридски" и "Ѓорги Василев":
- катни гаражи ………………..… 836,оо ден/м$^2$
-спортски покриени објекти…2.090,ооден/м$^2$
-отворени пазаришта
20% од површината по ….. 4.180,оо ден.

3. II Во текот на 2005 година надоместокот за уредување на градежното земјиште во населените места Вељуса, Водоча, Градско Балдовци, Дабиље, Добрејци, Просениково, Банско, Муртино, Сачево, Куклиш и Баница, кои имаат УДНМ или ГУП ќе се наплатува за следните видови објекти:

- 1. За индивидуални станбени згради 800,оо ден/м$^2$ нова корисна површина што ќе се гради, која е збир на нето површините на подовите на сите простории во објектот, согласно заверена проектна документација, помножени со соодветните коефициенти утврдени со Правилникот за степенот на уреденост на градежното земјиште и начинот на пресметување на трошоците за уредување на градежното земјиште според степенот на уреденост.

2. За јавните објекти како што се: училишта, здравствени објекти (болници, клиники, здравствени станици, амбуланти и друго), објекти од областа на културата, уметноста, објекти на општествено политички организации, објекти на правосудството, обвинителството, надоместокот за уредување на градежното земјиште изнесува 900 ден/м$^2$ нова корисна површина што ќе се гради, која е збир на нето површините на подовите на сите простории во објектот, согласно заверена проектна документација, помножени со соодветните коефициенти утврдени со Правилникот за степенот на уреденост на градежното земјиште и начинот на пресметување на трошоците за уредување на градежнот земјиште според степенот на уреденост.

3. За деловни и производни објекти, надоместокот за уредување на градежното земјиште изнесува 1.900 ден/м$^2$ нова корисна површина што ќе се гради, која е збир на нето површините на подовите на сите простории во објектот,

согласно заверена проектна документација, помножени со соодветните коефициенти утврдени со Правилникот за степенот на уреденост на градежното земјиште и начинот на пресметување на трошоците за уредување на градежното земјиште според степенот на уреденост.

За пренамена на станбен простор во деловен простор, се наплаќа за 1 м$^2$ разликата до деловен простор, т.е. 1.100,оо ден/м$^2$ нето развиена површина.

Во надоместокот за уредување на градежното земјиште не е земено како приход обезбедување на електрична енергија од дистрибутивната мрежа и трафостаница, изведба на ПТТ мрежа, како и приклучоци на целата инфраструктура (електро, ПТТ, водовод и канализација), што значи дека тие трошоци паѓаат на товар на инвеститорите кои ги градат инвестиционите објекти.

4. За други објекти
- катни гаражи …………….. 380,оо ден/м$^2$
-спортски покриени објекти..950,оо ден/м$^2$
-отворени пазаришта
20% од површината по …….1.900,оо ден.

3. III Во текот на 2005 година надоместокот за уредување на градежното земјиште во населените места Попчево, Рич, Дорламбос, Костурино, Мемешли, Орманли, Белотино, Раборци, Габрово, Свидовица и Триводи, кои имаат УДНМ или Општ акт ќе се наплатува за следните видови објекти:

1. За индивидуални станбени згради - 400,оо ден/м$^2$ нова корисна површина што ќе се гради, која е збир на нето површините на подовите на сите простории во објектот, согласно заверена проектна документација, помножени со соодветните коефициенти утврдени со Правилникот за степенот на уреденост на градежното земјиште и начинот на пресметување на трошоците за уредување на градежното земјиште според степенот на уреденост.

2. За јавните објекти како што се: училишта, здравствени објекти (болници, клиники, здравствени станици, амбуланти, друго), објекти од областа на културата, уметноста, објекти на општествено политички организации, објекти на правосудството, обвинителството, надоместокот за уредување на градежното земјиште изнесува 450 ден/м$^2$ нова корисна површина што ќе се гради, која е збир на нето површините на подовите на сите простории во објектот, согласно заверена проектна документација, помножени со соодветните коефициенти утврдени со Правилникот за степенот на уреденост на градежното земјиште и начинот на пресметување на трошоците за уредување на градежното земјиште според степенот на уреденост.

3. За деловни и производни објекти, надоместокот за уредување на градежното земјиште изнесува 950 ден/м$^2$ нова корисна површина што ќе се гради, која е збир на нето површините на подовите на сите простории во објектот, согласно заверена проектна документација, помножени со соодветните коефициенти утврдени со Правилникот за степенот на уреденост на градежното земјиште и начинот на пресметување на трошоците за уредување на градежното земјиште според степенот на уреденост.

За пренамена на станбен простор во деловен простор, се наплаќа за 1 м$^2$ разликата до деловен простор, т.е. 550,оо ден/м$^2$ нето развиена површина.

Во надоместокот за уредување на градежното земјиште не е земено како приход обезбедување на електрична енергија од дистрибутивната мрежа и трафостаница, изведба на ПТТ мрежа, како и приклучоци на целата инфраструктура (електро, ПТТ, водовод и канализација), што значи дека тие трошоци паѓаат на товар на инвеститорите кои ги градат инвестиционите објекти.

4. За други објекти:

-катни гаражи ……………….. 190,оо ден/м$^2$
-спортски покриени објекти 475,оо ден/м$^2$
-отворени пазаришта
20% од површината по ………950,оо ден.

3. IV. Коефициенти утврдени со Правилникот за степенот на уреденост на градежното земјиште и начинот на пресметување на трошоците за уредување на градежното земјиште според степенот на уреденост:

| | Станбени објекти | Коефициенти |
|---|---|---|
| 1. | Станбени простории | 1.0 |
| 2. | Станбени простории во поткровје со висина до 2,5 м | 0.1 |
| 3. | Логија ,балкони | 0.2 |
| 4. | Помошни простории, остава за гориво, котлара, трафостаница во објект, визба | 0.3 |
| 5. | Гаражи | 0.1 |

| | Деловни , јавни и производни објекти | Коефициенти |
|---|---|---|
| 1. | Простории | 1.0 |
| 2. | Магазини, простории во визба | 0.4 |
| 3. | Гаражи | 0.1 |

| | Други објекти | коефициенти |
|---|---|---|
| 1. | Катна гаража | 0.2 |
| 2. | Спортски покриени објекти | 0.5 |
| 3. | Отворени пазаришта | 20% од површината |

3. V За подрачјето во градежниот реон и надвор од него, каде Општина Струмица не е во состојба да обезбеди целосно уредување на градежното земјиште согласно предвидениот обем на уредување и степен на опремување на градежното земјиште со комунални објекти и инсталации, инвеститорите ќе плаќаат надоместок како што следува:

1. За улици и тротоари или јавен пат, од предвидениот надоместок за односниот тип на објекти ……………………………50%
2. За улична водоводна мрежа ……10%
3.За главен довод за вода и построение за прочистување ...…15%
4. За улична (фекална) канализациона мрежа ………………………………..15%
5. За колекторска ( атмосверска) канализација ……………………10%

или вкупно …………………………100%

3. VI Износот на надоместокот за уредување на градежно земјиште за површината на легален објектот што е урнат или ќе се урива, а на негово место се гради друг објект, се намалува од развиената површина на објектот што ќе се гради, по истите норми (проценти) по кои е пресметан во моментот на регулирањето на надоместокот за уредување на градежно земјиште.

3. VII Во колку во текот на годината се наложи потреба од промена на висината на надоместокот поради поголема инфлација, корекцијата ќе ја изврши Советот на општината, во согласност со индексот на цените на мало дадени од Заводот за статистика на Р.Македонија.

4. НАДОМЕСТОК ЗА ЕКСПРОПРИЈАЦИЈА НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ

За обештетување за градежно земјиште за пробивање улици, тротоари и џебови на улици во градот Струмица и населените места ќе се наплаќа како што следува :

Градежно неизградено земјиште во потесниот градежен реон на град Струмица:

1. Вредноста на неизграденото градежно земјиште во потесниот градежен реон на град Струмица ограничен со Генералниот урбанистички план, се определува спрема зоната во која се наоѓа, и тоа:

Во Прва зона................1.200 ден/м$^2$
Во Втора зона..............1.000 ден/м$^2$
Во Трета зона..................800 ден/м$^2$
Во Четврта зона.............500 ден/м$^2$

2. Вредноста на неизграденото градежно земјиште во потесниот градежен реон на населените места ограничен со УДНМ или ГУП изнесува …………………… 200,оо ден/м$^2$.

3. Вредноста на градежното неизградено земјиште надвор од потесниот градежен реон за кое постои урбанистички план, ќе се наплатува како што следува:

Во Прва зона - покрај потесниот градежен реон на град Струмица (на пр. Пречистителна Станица).......… 400 ден/м$^2$

Во Втора зона - покрај Магистралниот пат М-6 и населените места со Одлука за определување на градежниот реон…………………………………300 ден/м$^2$

Во Трета зона - покрај останати јавни патишта надвор од потесниот реон на населбите....................................200 ден/м$^2$

Во Четврта зона - во и покрај пасивните и заостанати населени места - Рич, Белотино и Попчево.......…….......40 ден/м$^2$

5. ИЗВОРИ НА СРЕДСТВА-ПРИХОДИ

Изворите на средства се утврдени во Програмата за комунални дејности.

6. ТРОШОЦИ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ , ОДНОСНО НАМЕНА НА СРЕДСТВАТА ПО ОБЈЕКТИ И ОБЛАСТИ

Овие трошоци се утврдени во Програмата за комунални дејности.

## Граници на зони во потесниот градежен реон на град Струмица

ПРВА ЗОНА

Подрачјето што го опфаќа Прва зона претставува централен дел на градот и е ограничен со улиците:

Дел од "Ленинова" покрај паркот пред Собранието, "Боро Џони", "Орце Николов", "Ванчо Китанов", ја пресекува "Благој Мучето" кај споменикот на револуцијата, "24$^{-ти}$ Октомври", "Младинска", "Крушевска Република", "Димитар Влахов" и затвара со "Ленинова".

ВТОРА ЗОНА

Подрачјето што го опфаќа Втора зона е простор надвор од границите на Прва зона и е ограничен со улиците:

"5$^{-ти}$ Ноември", "Кирил и Методиј", "Стив Наумов", "Никола Тесла", "11$^{-ти}$ Октомври", "Моша Пијаде", "Ѓуро Салај", "11$^{-ти}$ Октомври", Бензинска пумпа во правец на Штип, "Климент Охридски", "Ѓорѓи Василев", "Ристо Ќурчиев", "Ристоман Попчевски", "Маршал Тито" и затвара со "5$^{-ти}$ Ноември".

ТРЕТА ЗОНА

Подрачјето што го опфаќа трета зона е просторот надвор од границите на втора зона и е ограничен со улиците:

Прв дел - "Васил Главинов", "Партизанска", "Пиринска", "Бел Камен", "Славчо Стојменски", "Бетовенова" до над "Ѓорѓи Упчев", оди по "Ѓорѓи Упчев", "Климент Охридски", "Ѓорѓи Василев", "Ристо Ќурчиев", "Ристоман Попчевски", "Маршал Тито", "5$^{-ти}$ Ноември", "Кирил и Методиј", "Стив Наумов" и затвара со "Васил Главинов".

Втор дел - просторот источно од патот за Штип оди од Ракиџиски мост по "Климент Охридски" по каналот на "Крушевска Република"- североисточниот простор на индустриската зона.

Трет дел - Просторот северно од ул. "Стив Наумов", "Никола Тесла", "11$^{-ти}$ Октомври", "Моша Пијаде", "Ѓуро Салај", патот за Штип.

ЧЕТВРТА ЗОНА

Подрачјето на четврта зона е просторот на повисокиот дел на градот и тоа над улиците: "Бетовенова", "Славчо Стојменски", "Бел Камен", "Пиринска", "Партизанска", ја пресекува "Васил Главинов" и оди над ул. "Стив Наумов".

Со влегување во сила на ова Програма престануваат да важат Програмите за уредување на градежното земјиште на подрачјето на град Струмица за 2005 година, Програмата за измена и дополнување на истата и Програмите на Општините Куклиш и Муртино.

Одредбите од глава 5 и 6 се составен дел на Програмата за комунални дејности.

Оваа Програма влегува во сила по објавувањето во "Сл. гласник на општина Струмица".

Бр. 07- 1772/1 Совет на општина Струмица
21.07.2005 год. П р е т с е д а т е л,
С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р.

……………………

Врз основа на член 37 од Законот за јавни набваки ("Сл. весник на РМ" бр.19/04) и член 39 од Статутот на општина Струмица ("Сл. гласник на општина Струмица" бр. 4/03), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за утврдување на висината на надоместокот за подигање на тендерска документација

1. Понудувачите кои поднесуваат барање за подигање на тендерска документација треба да уплатат надомест во висина од:

-за постапките за јавна набава чија вредност на набавката е под 1.000.000,оо денари, надоместокот за подигање на тендерската документација е 1000,оо ден.

-за постапките за јавна набава чија вредност на набавката е над 1.000.000,оо денари надоместокот за подигање на тендерската документација е 2000,оо ден.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Сл. гласник на општина Струмица".

Бр. 08-1521/1 Градоначалник
08.07. 2005 год. на општина Струмица
Струмица Зоран Заев с.р.

…………………………..

Врз основа на член 145 од Законот за градење ("Сл. весник на РМ" бр. 51/05) и член 39 од Статутот на општина Струмица, (Сл. гласник на општина Струмица" бр. 4/03), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за формирање Комисија за преземање на архивата и документацијата од Министерството за транспорт и врски-Подрачна единица - Струмица во Општина Струмица

1. Се формира Комисија со задача да ја преземе архивата и документацијата од Министерството за транспорт и врски-Подрачна единица Струмица, во Општина Струмица во состав:

- Ленче Дикова –претседател
- Васил Крстев - член
- Иринка Ќосева - член

2. Оваа Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Сл. гласник на општина Струмица".

Бр. 08-1248/1 Градоначалник
04.07.2005 год. на општина Струмица
Струмица Зоран Заев с.р.